Организација за колективно управување на правата на произведувачите на фонограми и уметниците музички изведувачи ММИ Скопје



# Годишен извештај

## за 2015 година

**ММИ - Скопје**

**Тел** +389 2 322 2397
ул. Јордан Мијалков 44/2-1
1000 Скопје
www.mmi.mk
info@mmi.mk

# Содржина


за 2015 година

ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТЕЊЕТО НА ММИ за 2015 година 1

КОРИСНИЦИ 2

РАДИОДИФУЗЕРИ 2

Радио станици 3

Телевизии 3

Сателитски телевизии 4

Кабловски оператори 4

УГОСТИТЕЛСКИ ОБЈЕКТИ 4

ТРГОВСКИ И ДРУГИ РАБОТНИ ПРОСТОРИИ 4

СОФТВЕР 5

ЧЛЕНСТВОТО НА ММИ 6

ПРИЈАВА НА НОВИ ДЕЛА 6

РАСПРЕДЕЛБА 2015 7

РАСПРЕДЕЛБА ПО ФОНДОВИ 8

РАСПРЕДЕЛБА 2013 ВО 2013 8

РАСПРЕДЕЛБА 2013 ВО 2014 8

РАСПРЕДЕЛБА 2014 ВО 2014 8

РАСПРЕДЕЛБА 2013 ВО 2015 9

РАСПРЕДЕЛБА 2014 ВО 2015 9

РАСПРЕДЕЛБА 2015 ВО 2015 9

РАСПРЕДЕЛБА ПО КАТЕГОРИИ НА НОСИТЕЛИ НА ПРАВА 9

ФИНАНСИСКО РАБОТЕЊЕ 10

ПРАВНИ РАБОТИ 10

ИЗВЕШТАЈ ЗА СОСТОЈБА НА ПРЕДМЕТИТЕ ОД 2015 ГОДИНА 10

ОДНОСИ СО ЈАВНОСТА 11

БИЛАТЕРАЛНА СОРАБОТКА 11

МИНИСТЕРСТВО ЗА КУЛТУРА 12

# 01 ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТЕЊЕТО НА ММИ



> “Everyone has the right to the protection of the moral and material interests resulting from any scientific, literary or artistic production of which he is the author.”
> **— United Nations, Universal Declaration of Human Rights**

## ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТЕЊЕТО НА ММИ

ИЗВЕШТАЈ за 2015 година

Организацијата за колективно управување со правата на уметниците музички изведувачи и производувачите на фонограми ММИ Скопје, во изминатата 2015 година врз основа на Законот за авторското и сродните права (ЗАПСП) работеше на задачите за остварување на правата на уметниците музички изведувачи и правата на производувачите на фонограми.

**За жал, тековната година заврши со одземање на лиценцата за работа на организацијата од страна на Министерството за култура на Република Македонија.**

Динамиката на обврските на Организацијата беа поделени во неколку сектори и се одвиваа во континуитет  и според приоритетите.



> “Piracy is robbery with violence, often segueing into murder, rape and kidnapping. It is one of the most frightening crimes in the world. Using the same term to describe a twelve-year-old swapping music with friends, even thousands of songs, is evidence of a loss of perspective so astounding that it invites and deserves the derision it receives.”
>
> **Nick Harkaway**

## КОРИСНИЦИ

Како и во 2014, изминатата 2015 година помина во исчекување на спроведувањето на измените и дополнувањата на ЗАПСП. Поради тоа, ММИ продолжи да работи според важечката тарифа востановена во 2012 година. Во 2015 година се имплементираа општите договори потпишани со корисници како што се: ХОТАМ - Здружението на хотели и ресторани во Македонија, Секторот за туризам при Стопанска комора на Република Македонија со што по долги преговори конечно се регулираше односот со овој тип на корисници. Во 2015 година се потпиша и Општ договор со Стопанска комора на Република Македонија за делот на трговските друштва со кој ги регулиравме односите со најголемите ланци на супермаркети во Македонија (Тинекс, Веро, Скопски Пазар и Рептил). Покрај општите договори се потпишаа поединечни договори со Ваикики, Туш маркети и ДМ дрогерие.

Покрај новите договори, стручната служба во делот на перцепцијата најмногу се концентрираше во решавањето на старите побарувања, па за поголемиот број од корисниците кои не ги извршија законските обврски за подмирување на доспеаните долгови се покренаа Нотарски Решенија, како и судски предмети кои завршија во полза на ММИ – Скопје.

Перцепцијата на радиодифузните трговски друштва беше финализирана и редовно се ажурираше во зависност од извештаите од Централниот Регистар и Агенцијата за Електронски Комуникации. Оваа година Собранието на ММИ донесе одлука да наплатува од корисниците во износ од 55% од важечката тарифа.

### РАДИОДИФУЗЕРИ

Во делот на радиодифузното емитување на фонограми и снимени изведби, измените и дополнувањата на ЗАПСП подразбираа дополнителни активности и усогласувања. Имено, се воспостави сосем нов начин на идентификување на емитувани фонограми и изведби и тоа преку систем за електронска евиденција според дадените рокови од Министерството за култура и беше инсталиран во сите радиодифузни друштва во кои имаше услови за инсталација. Со оваа теренска акција на ММИ – Скопје се покрија 90% од радиодифузерите кои зрачат програма на територијата на Република Македонија.

Во делот на преговорите со Македонска радио телевизија имаше поместување од мртва точка, беа остварени неколку средби на кои дури се дојде и до предлог договор кој не беше одобрен од МРТ од причина што од нивна страна не беа потврдени извршните клаузули. Имено во предлогот на МРТ стоеше дека со потпишувањето на Договорот од страна на ММИ ќе бидат повлечени добиените судски пресуди за предметите за кои се водеа судски спорови и во случај ако

# КОРИСНИЦИ




> “If a creative person steals your idea, he’s killing his creative ability, if he steals your art, he’s killing his art, if he makes it available to the world, it won't create de impact you could have created, because it wasn’t from the right source.”
>
> **Michael Bassey Johnson**

МРТ не исплати три последователни рати тогаш ММИ да има право повторно да ја тужи МРТ до надлежниот суд. ММИ инсистираше во таков случај да се вратат во извршност веќе постоечките судските пресуди кои нема да бидат укинати од страна на ММИ. Тука завршија преговорите кои беа ставени во мирување со игнорирање на било каква иницијатива од страна на МРТ.
Врз основа на уредно водената документација стручната служба на ММИ мораше да ја активира процедурата за присилна наплата.

Чуден е односот на раководството на МРТ кои како да неможат или неумеат да ја согледаат можноста дека МРТ односно „Касетната Продукција“ при МРТ како најголем произведувач на фонограми во Македонија ќе има најголем бенефит од зачленувањето во ММИ, така да при распределбата најголемиот дел од прибраните средства како надоместок ќе и припаднат на самата „Касетна продукција“.

## Радио станици (75 радиостаници)

Стручната служба на ММИ во 2015 година имаше перцепирано 75 радиостаници во Република Македонија и има потпишано поединечни договори со 12 радио програмски сервиси. Комуникацијата беше редовна и со останатите радио станици, кои иако немаат потпишано договори, редовно го плаќаат побарувањето од ММИ - Скопје. Оние кои не извршија уплати и оние кои неразумно го одолговлекуваа плаќањето беа опоменати, а за тие што сепак не платија беше покрената постапка пред нотар. Евиденцијата на емитувани фонограми и изведби (плејлисти) иако радио програмските сервиси и врз основа на тие плеј листи и од пристигнатите соодветни уплати се изврши распределбата кон носителите на правата.

## Телевизии (65 ТВ станици)

Како и кај радио станиците комуникацијата беше редовна.  Поголемиот дел од телвизиите кои иако немаат потпишано договори, редовно го плаќаа надоместот за изведувачки и продуцентски права. Оние кои не извршија уплати и оние кои неразумно го одолговлекуваа плаќањето беа опоменати, а за тие што сепак не платија беше покрената постапка пред нотар.  Врз основа на така поставените односи помеѓу корисниците и организацијата за колективно управување на правата на произведувачите на фонограми и музичките изведувачи и врз основа на наплата против голем број од ТВ сервисите во РМ за неплатени долгови врз основа на испоставените фактури.
Евиденцијата на емитувани фонограми и изведби (плејлисти) претставува обврска на секој радиодифузер и врз основа на тие плејлисти и од пристигнатите соодветни уплати се изврши распределбата кон носителите на правата.

# КОРИСНИЦИ

Националните Телевизии Сител, Канал5, Алфа и Алсат, групирани во асоцијацијата на приваните национални телевизии ги одбија пресметките изработени според важечката тарифа и доставени од страна на стручната служба на ММИ. До нив ќе бидат доставени нотарски Решенија.




"But, like all metaphoric wars, the copyright wars are not actual conflicts of survival. Or at least, they are not conflicts for survival of a people or a society, even if they are wars of survival for certain businesses or, more accurately, business models. Thus we must keep i mind the other values or objectives that might also be affected by this war. We must make sure this war doesn't cost more than it is worth. We must be sure it is winnable, or winnable at a price we're willing to pay."

**Lawrence Lessig**

## Сателитски телевизии

Состојбата со сателитските телевизиски програмски сервиси е слична како со останатите трговски радиодифузни друштва, така што ММИ ја имплементира истата процедура.

## Кабловски оператори

Соработката со најголемиот дел од кабловските оператори беше одлична, комуникацијата беше на највисокот ниво, редовно се испраќаа број на корисници и врз основа на тоа се изработуваа тековните пресметки. Во изминатата година се оствари соработката со Интел Интернационал и Тотал ТВ. Единствена спорна комуникација беше со Телекабел која има и судска развршница.

# УГОСТИТЕЛСКИ ОБЈЕКТИ

Во овој дел дојде до имплементирање на договорите потпишани со Стопанската комора на Македонија која ги застапува интересите на корисниците од категоријата туризам и Здружението на хотели и ресторани во Македонија ХОТАМ. Во најголем дел корисниците ги исполнуваа мерките дадени од ММИ - Скопје но имаше и доста за кои стручната служба беше приморана да покрене постапки за наплата поради недоспеани побарувања. Во 2015 година ММИ - Скопје евидентираа и нови корисници од овој тип но поради непотполна документација не се испоставија пресметки за истите.

# ТРГОВСКИ И ДРУГИ РАБОТНИ ПРОСТОРИИ

Во 2015 година се потпиша Општ договор со Стопанска комора на Република Македонија за делот на трговските друштва со кој ги регулиравме односите со најголемите ланци на супермаркети во Македонија (Тинекс, Веро, Скопски Пазар и Рептил). Покрај општите договори се потпишаа поединечни договори со Ваикики, Туш маркети и ДМ дрогерие. Во 2015 година ММИ- Скопје имаше побарувања од 21 трговски друштва. Се евидентираа и нови корисници од овој тип но поради непотполна документација не се испоставија пресметки за истите. Комуникацијата со најголем дел од корисниците беше редовна се испратија податоци за квадратурите на работните простории каде што се емитуваат фонограми. Оние кои не извршија уплати и оние кои неразумно го одолговлекуваа плаќањето беа опоменати, а за тие што сепак не платија беше покрената постапка пред нотар.

## СОФТВЕР



“Don't copy, get inspired”

**Bangambiki Habyarimana**

Според измените и дополнувањата на ЗАПСП неопходно е ММИ да набави и ситем за евиденција на емитуваните фонограми и снимени изведби и во законски рок да го инсталира софтверот кај сите радиодифузни друштва во РМ. За таа цел, ММИ потпиша договор со софтверската куќа Грид Системи од Скопје која веќе работи и на изготвување на програмите преку кои ќе се воспостават базите на податоци и ќе се обработува распределбата.

Во месец Јуни 2014 година стручната служба на ММИ започна со мануелна демо распределба со претпоставен датум 30.06.2014 со што се изведоа пресметки врз основа на кои се тестираше званичниот Air Play софтвер на Грид системи. Кон крајот на месец Ноември се извршија сите корекции на грешките и неправилностите, така што сега може да се констатира дека во иднина ќе можеме да имаме доверба во точноста  на софтверскиот начин на распределба.

Во меѓувреме, Грид системи работеше на системот за електронска евиденција наречен ГРИД СЕЕ. На 10.02.2015 Грид системи извршија презентација на СЕЕ пред Министерот на ИОА и преставници од Министерството за култура и врз основа на таа презентација ММИ доби Решение Бр. УП1 58-14 од 24.02.2015г. за добивање дозвола за употреба на ГРИД СЕЕ како систем за евидентирање на емитувани фонограми и снимени музички изведби кои самите по себе се радиодифузни.

Потоа на 22.05.2015 со допис број 58-66/47/1 од Министерството за култура, а врз основа на член 135-а бевме задолжени да ги информираме до каде сме со инсталирањето на ГРИД СЕЕ кај радиотелевизиските организации. ММИ - Скопје одговори дека се испратени дописи на 18.03.2015 и на 22.05.2015 каде што се гледаше дека ММИ доставила допис за прибирање податоци за обезбедени услови од страна на радиодифузни организации за инсталирање на софтвер за електронска евиденција на овие дописи одговорија 39 радиодифузни друптва. По донесување на  измените на ЗАПСП од 04.09.2015 ММИ беше принудена да го инсталира системот, иако во многу од радиодиуфузните организации не беа обезбедени услови од самите радиодифузери.

Од 65 регистрирани ТВ станици, СЕЕ беше инсталиран во 32, 12 од нив не дозволија инсталирање, а во МРТ не дозволија на 5-те ТВ канали.

Од регистрирани 75 Радио станици во РМ, СЕЕ беше инсталиран во 46, 3 Радија не дозволија да се инсталира системот, а 4 радио сервиси на МРТ исто така не дозволија инсталирање. МРТ достави и допис до ММИ каде стриктно наведува дека не дозволува инсталирање на ГРИД СЕЕ.




"You will only have copyright in a society that places a very high value on the individual, the individual intellect, the products of individual intellect."

**Tim Parks**

## ЧЛЕНСТВОТО НА ММИ

Секторот при стручната служба кој ја води регистрацијата на носителите на правата, ќе продолжи са активна работа со цел на анимирање и зголемување на членството на ММИ, како од редот на произведувачите на фонограми, така и од редот на уметниците музички изведувачи.

Состојбата со бројот на членови на ММИ:

| | | **2015** | 2014 |
|---|---|---|---|
| на 31.12.2015 година е следна: | изведувачи физички лица | **344** | (275) |
| | изведувачи правни лица | **2** | (2) |
| | **вкупно** | **346** | **(**278) |
| | продуценти физички лица | **142** | (80) |
| | продуценти правни лица | **30** | (23) |
| | **вкупно** | **172** | (103) |
| | **вкупно членови** | **518** | **(**381) |

# ПРИЈАВА НА НОВИ ДЕЛА

Во текот на 2015 година беа пријавени преку 7000 нови фонограми и снимени изведби. Се констатираше дека голем број од нив се пријавени по два или повеќе пати од разни изведувачи и носители на права. Таквите пријави во ММИ во секторот за документација се водат како дупликати. Согласно членот 24 од правилникот за распределба на ММИ - Скопје при дополнителната обработка на истите, состојбата драстично е намалена, така да од околу 1600 дупликати во моментов нивниот број изнесува околу 92 по наслов, односно 36 по наслов и изведувач со тенденција на поголемо намалување.

Исто така, се констатираше дека постојат пријави кои не се комплетни како на пример пријавите каде биле посочени имињата на музичките групи, оркестри и бендови а не биле запишувани имињата и бројот на членовите. Поради тоа, системот нема информација за комплетноста на податоците и како таква се означува со ознаката некомплетна пријава. Моментално станува збор за околу 450 такви пријави. Истите во текот на распределбата ќе бидат означени и со износот на надоместокот кој им следува и ќе се чуваат додека не се комплетираат.

| | | |
|---|---|---|
| пријавени фонограми и изведби во базата на ММИ | **7300** | (1374) |

# РАСПРЕДЕЛБА 2015

Според ЗАПСП, распределбата во 2016 за изминатите години ќе биде извршена во предвидениот рок. Извршена е ревизија на старата распределба од 2013 и 2014 година. За новата распределба неопходно е да се дефинираат периодите (годината) на извршените уплати од страна на корисниците, како и разграничување по години на плеј листите доставени од радиодифузните друштва.

Приливите на средства во 2015 година се делат во три категории и тоа:

**1. Уплатени средства кои припаѓаат за 2013 година, но наплатени во 2015 година.**
-средства од заостанати ненаплатени пресметки од 2013 година како и
-средства од уплати на новорегистрирани корисници кои го плаќаат надоместокот за 2013.

**741.007,00 денари**

**2. Уплатени средства за 2014 година, но наплатени во 2015 година.**
-средства за 2014 година од корисниците регистрирани во изминатите години и
-средства уплатени од новорегистрирани корисници кои го плаќаат надоместокот за 2014.

**3.487.577,00 денари**

**3. Уплатени средства за 2015 година**
-средства уплатени за 2015 година од корисници регистрирани во ММИ заклучно 31.01.2016.
**4.075.064,00 денари**

**ВКУПНО: 8.303.648,00**

# РАСПРЕДЕЛБА ПО ФОНДОВИ

## ФОНД 2013 ВО 2013

| останато за распределба од 2014 | за распределба | | останува за наредната распределба |
|---|---|---|---|
| **579.661,00** | 135.847,39 | | 443.814,61 |
| | производувачи | изведувачи | |
| | 64.474,39 | 71.373,00 | |

## ФОНД 2013 ВО 2014

| останато за распределба од 2014 | за распределба | | останува за наредната распределба |
|---|---|---|---|
| **1.578.213,00** | 248.781,55 | | 1.329.431,45 |
| | производувачи | изведувачи | |
| | 113.930,09 | 134.851,46 | |

## ФОНД 2014 ВО 2014

| останато за распределба од 2014 | за распределба | | останува за наредната распределба |
|---|---|---|---|
| **1.660.392,00** | 373.719,05 | | 1.286.672,95 |
| | производувачи | изведувачи | |
| | 179.971,97 | 193.727,08 | |

## ФОНД 2013 ВО 2015

| за распределба 2015 | за распределба | | останува за наредната распределба |
|---|---|---|---|
| **555.755,25** | 0 | | 555.755,25 |
| | производувачи | изведувачи | |
| | 0 | 0 | |

## ФОНД 2014 ВО 2015

| за распределба 2015 | за распределба | | останува за наредната распределба |
|---|---|---|---|
| **2.615.682,75** | 310.342,24 | | 2.338.262,45 |
| | производувачи | изведувачи | |
| | 143.944,76 | 166.397,48 | |

## ФОНД 2015 ВО 2015

| за распределба 2015 | за распределба | | останува за наредната распределба |
|---|---|---|---|
| **3.056.298,00** | 493.161,49 | | 2.563.136,51 |
| | производувачи | изведувачи | |
| | 241.627,08 | 251.534,41 | |

## РАСПРЕДЕЛБА СТРАНСКИ ПРОИЗВЕДУВАЧИ РЕГИСТРИРАНИ ВО РМ

| Година | балкански производувачи | странски производувачи |
|---|---|---|
| **2014** | 1235.8 | 26312,93 |
| **2015** | 4581.35 | 79669,37 |
| **Вкупно** | **5815,15** | **105982,30** |

- Исплатено на производувачи кои не се од Македонија - 111.799,45

**ТОТАЛНО РАСПРЕДЕЛЕНО ВО РАСПРЕДЕЛБА 2015**

| | |
|---|---|
| Производувачи | 857.767,44 |
| Изведувачи | 812.883,42 |
| **ВКУПНО ЗА РАСПРЕДЕЛБА** | **1.668.650,86** |

## ФИНАНСИСКО РАБОТЕЊЕ

Секторот за финансиско работење на ММИ е комплетно завршен и функционален. Соработката на организацијата со книговодствената куќа „Гивеко‟ дооел е извонредна што покажуваат и сметководствените документи.

## ПРАВНИ РАБОТИ

### ИЗВЕШТАЈ ЗА СОСТОЈБА НА ПРЕДМЕТИТЕ ОД 2015 ГОДИНА

**Вкупно доставени предмети: 32**

**Предмети кои се во постапка пред нотар: 8**
- ЏЕЗ ФМ Љупчо ДООЕЛ Скопје (Решението е правосилно и извршно)
- СКАЈ РАДИО Плус ДООЕЛ Берово (платени трошоци - 4.414 денари)
- РАДИО МЕРАК 5 ФМ Љупчо и Владимир ДОО Велес (делумно платен главниот долг)
- КАНАЛ ТРИ ДООЕЛ Дебар
- ТРД ТВ ЕМИ ДООЕЛ Радовиш
- ТВ ХАНА Мевљан ДООЕЛ Куманово
- ЈУГОПРОМЕТ АД увоз-извоз Струмица
- ТВ КИСС ЗЛАТЕ ДООЕЛ Тетово

**Предмети кои се во постапка пред извршител: 10**
- РАДИО КИСС ДООЕЛ Тетово (наплатен во целост)
- РАДИО ВАЛАНДОВО ДОО Валандово (наплатен во целост- 3.228 главен долг и 4.514 трошоци на постапка)
- АРАЧИНА Џавит ДООЕЛ Скопје
- ДИПЛОМАТ-АС ДООЕЛ Охирид (наплатен преку извршител- останува уште дел од главниот долг и каматата)
- ПЛЕЈ РАДИО Струга ДООЕЛ (наплатени трошци на извршување)
- РАДИО КОЧАНИ ФМ ДОО Кочани (наплатен во целост- трошоци на постапката 4.194 ден.)
- РАДИО 5 ЧОКИ ДООЕЛ Прилеп
- ТВ ЕМИ ДООЕЛ Радовиш
- ТВ БТР НАЦИОНАЛ ЗОРАН Д.О.О.Е.Л Скопје
- АМА КОМПАНИ ДООЕЛ Скопје

**Предмети кои се во судска постапка: 11**
- РАДИО УСКАНА ПЛУС ДООЕЛ Кичево
- СПОРТ ЛАИФ-ТРЕЈД ДОО Скопје
- СЕНАТОР МАКЕДОНИЈА ДОО Скопје
- ТВ ЕДО ДООЕЛ Скопје
- ТВ ЕДО ДООЕЛ Скопје
- ДИНАМИКА ДИМЧЕ ДООЕЛ Битола

- ИМПЕКСЕЛ 2 ДООЕЛ Гостивар
- ТРД ВИЖН-БМ ДООЕЛ
- ТРД ТВ ИРИС ДООЕЛ Штип
- ДОМ ДАЛЕКУ ОД ДОМОТ – ХОТЕЛ МРАМОР ДООЕЛ Скопје
- ТВ СТАР ДОО Штип

**Предмети за кои не е покрената постапка за наплата: 3**

- РЕГИОНАЛНА ТВ УЛТРА ДООЕЛ Скопје (немаме налог од ММИ за отпочнување на постака)
- ТЕЛЕВИЗИЈА КАНАЛ 8 ДООЕЛ Кочани
- СКАЈ НЕТ – Манчев ДОО Скопје

Поради одземањето на лиценцата на ММИ од страна на Министерот за култура на РМ во 2016 година, ММИ има обезбедено потребна документација за сите должници и во моментов во процедура се испоставување на нотарски Решенија.

## ОДНОСИ СО ЈАВНОСТА

ПР агенцијата Тотал Медиа Центар не поднесе никаква иницијатива за соработка во 2015 година. ММИ во исчекување на достојна презентација и присуство во јавноста ги почитуваше обврските за соработка наведени во договорот со Тотал Медиа Центар. Гледајќи дека другата страна не ги исполнува обврските од договорот ММИ мораше да ја прекине испораката на извештаите за месечните финансиски приливи до Тотал Медиа Центар, а со тоа ја прекина и исплатата на надоместокот за соработката.

## БИЛАТЕРАЛНА СОРАБОТКА

Во оваа година покрај веќе потпишаните договори за билатерална соработка со Украина и Словенија се потпишаа нови договори со ОФПС здружението на продуцентите од Србија и ЗАПРАФ здружението на продуцентите од Хрватска. По одземањето на лиценцата на ММИ од страна на Министерот за култура на РМ продуцентите на Република Србија, ОФПС, веднаш го раскина договорот со ММИ.

# МИНИСТЕРСТВО ЗА КУЛТУРА

Комуникацијата на ММИ со Министерството за култура на Република Македонија како орган под чија капа и надзор е колективното управување на авторското и сродните права е во континуитет.

На самиот почеток на 2015 годината во процедура беше изготвувањето на Предлог тарифата по сугестиите од страна на Комисијата за посредување при Министерството за култура, а врз основа на 25-та седница на Владата на РМ одржана на 30.09.2014 година. Во законскиот рок од 10 дена по доставувањето на мислењето од комисијата, ММИ на 16.01.2015 го достави финалнио Предлог тарифа. Според ЗАПСП Владата на РМ ја одобрува тарифата.

**Владата до денот на изготвување на овој Извештај не излезе со став по однос на Тарифата на ММИ.**

Финансискиот извештај за 2014 година беше доставен до Министерството за култура, а до Владата на РМ истиот беше доставен на 06.11.2015 година. Како точка на дневните редови на три владини комисии и тоа Генерален колегиум на Државни секретари, Комисија за човечки ресурси и Комисија за економски систем. По барање Мислење за финансискиот Извештај за 2014 од Владата на РМ, и по издаденото негативно Мислење по Финансискиот извештај за 2014 година од страна на Министерството за култура, Владата усвои Извештај кој исто така беше со негативна конотација, во смисол дека ММИ има потрошено 81,5 % од прибраните средства, на сметка на законски дозволениот лимит од 15%.

Тоа беше доволно да го вклучи тригерот кај Министерот за култура на РМ за да истиот кон крајот на месец Декември 2015 година (25.12.2015) издаде Решение за одземање на лиценца на ММИ.

Не можеме, а да не констатираме дека оваа одлука на Министерот за култура беше однапред испланирана и со години наведувана така за да се дојде до овој резултат. Имено, ако ја погледнеме изјавата на Министерот за култура од август 2013 година дадена на ТВ Канал 5 во која јасно наведува дека „**ММИ нема право да испоставува фактури никому, а особено не на Телевизиите**", јасно е во каква положба беше нашата организација изминативе години во смисол на остварување на задачите дадени со Законот за авторското и сродните права, а тоа е прибирање на финансиски средства од користење на фонограми и снимени изведби од корисниците во Република Македонија и распределба на истите до ностелите на правата. Притоа, под такви неповолни услови за работа, во изминативе 3 години стручната служба на ММИ мораше да се екипира, да набави основна опрема за работа, да го евидентира своето членство, да обезбеди што е можно повеќе пријави на фонограми и изведби, а понајвеќе да се етаблира во нашето општество како препознатлив бренд кој работи за и во интерес на носителите на правата, а тоа се уметниците музички изведувачи и произведувачи на фонограми од Македонија и од целиот свет.

Затоа во изминатите пет години во извештаите на Европската Комисија во делот на остварувањето на авторското и сродните права се потенцира фактот дека Министерството за култура на РМ нема капацитет да се справи со оваа проблематика.

За крај, мораме да напоменеме дека ниту една институција, ниту влијателна личност во Република Македонија, ниту со еден збор не дадоа подршка кон постоењето на организација (здружение) за остварување на со Закон дефинирани права на овие групи на носители на права.

***До денот на изготвувањето на овој извештај, поточно на 09.03.2016 година ММИ доби известување дека и Уставниот Суд на РМ донел одлука за укинување на важечката Тарифа на ММИ.***

25.03.2016

Стручна служба на ММИ
Извршен директор
Бодан Арсовски

Организација за колективно управување на правата на производувачите на фонограми и уметниците музички изведувачи ММИ Скопје

**ММИ - Скопје**
ул. Јордан Мијалков 44/2-1
1000 Скопје
**Tel** +389 2 322 2397
**Fax** +389 2 322 2397
www.mmi.mk